Известување за концентрација со која ЕАСТ БОКС ДОО БЕЛГРАД, Република Србија ќе стекне контрола над ТЕРА ЦАСУС д.о.о., Република Хрватска

(предмет бр. 08-157/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.11.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ЕАСТ БОКС ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД (EAST BOX DOO BEOGRAD-NOVI BEOGRAD, со седиште на Бул. Михајла Пупина 115б, 11000 Белград, Република Србија, има намера да стекне самостојна контрола директно над ТЕРА ЦАСУС д.о.о. (TERRA CASUS d.o.o.), друштво организирано во согласност со законите на Република Хрватска, со седиште на Свачиќева 7, 21000 Сплит, Република Хрватска

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Во Република Србија, ЕАСТ БОКС ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД првенствено врши малопродажба на облека, обувки и сродни модни производи од брендот "Реплеј (Replay)" во специјализирани продавници и преку пошта и интернет.
Големопродажбата на облека, обувки и сродни модни производи претставува мал дел од бизнисот на друштвото.

ЕАСТ БОКС ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД е во сопственост на компанијата ФЕШН БОКС Б.В. (FASHION BOX B.V), со регистрирано седиште на Рокин (Rokin) 92, Амстердам, Холандија, кое поседува 51% од уделите и физичкото лице г. Милија Бабовиќ, кој поседува 49% од уделите.
ФЕШН БОКС Б.В. и Милија Бабовиќ имаат заедничка контрола врз ЕАСТ БОКС ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД

Г. Милија Бабовиќ има 100% сопственост во ДРУШТВО ЗА ЕКСПОРТ-ИМПОРТ, ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО СО ТЕКСТИЛ И КОНФЕКЦИЈА FASHION COMPANY ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, БЕЛГРАД (НОВ БЕЛГРАД).
Во Северна Македонија, Г. Милија Бабовиќ, индиректно преку Фешн Компани, има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје – Центар, Скопје. Регистрираната дејност на ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО е 47.710 – Трговија на мало со облека.

Регистрирана дејност на **ТЕРА ЦАСУС** е 68.20 – Изнајмување и управување со сопствениот недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг).

ТЕРА ЦАСУС нема регистрирани поврзани друштва или подружници во Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето за оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар може да се дефинира како пазар за трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци во специјализирани продавници и трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци преку пошта и интернет.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.
Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

13.11.2026 година

Скопје